22990

Камне

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674
Isečak iz lista
Newspaper cutting
ВЕЧЕР
СКОПЈЕ
22. FEB. 1983 6102, 12.

# УМЕТНОСТ НА МАРГИНИТЕ

## ● (ЗА ГРАФИКИТЕ НА АЛЕШИНСКИ ВО УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА ВО СКОПЈЕ)

Благодарејќи на убавото заземање на Францускиот културен центар од Скопје, во Уметничката галерија имаме ретка можност да видиме избор од графичката дејност на еден од најпознатите современи ликовни уметници, Пјер Алешински, кој е Белгиец по националност (роден е 1927 година, во Брисел), но почнувајќи некаде од педесеттите години, кога првпат излагал во Париз, тој е во непрестајно движење: **живеел во Париз, потоа во Њујорк, патувал во Јапонија, во Мексико итн., станувајќи вистински претставник на модерниот тип на уметник.**

Алешински бил член на познатата група „Кобра", па на Комитетот на парискиот Октомвриски салон, потоа и на Мајскиот салон, има добиено повеќе награди за своето творештво, за него се напишани многу книги, а на една од нив е автор големиот француски поет Ален Боске, но и самиот уметник има напишано повеќе книги за проблемите на модерната уметност и за своите лични преокупации и размисли.

Впрочем, тој е една повеќестрана личност во областа на пластичните уметности, мошне е ценет во уметничките кругови во сите меридијани, посебно се одликува и со својата неуморна и плодна ангажираност и хуманизам. **Меѓу другото, да споменеме дека тој спаѓа меѓу првите уметници кои веднаш по земјотресот подариле свои дела за тогаш формираниот Музеј на современата уметност во Скопје.**

На оваа изложба, можеме да ги видиме само неговите графички листови, црно-бели и во боја, според кои заклучуваме дека тој одлично ги познава тајните на типографијата, на модерната графика. Можеби инспириран од јапонската калиграфија, за која има снимено и филм (1955), тој својот сликарски и графички свет ќе го открива во убавината, поточно во вредноста на тајните знаци што нè опколуваат. **Тој, така да кажеме, јури насекаде, сака сè да зграби од реалноста, од лево и десно, сè да забележи, сè да одбележи, да потцрта, да формира и расформира, да дешифрира и да заплетка, да симертизира и да блокира.** Нему не му се доволни платното или хартијата, сака да излезе од нив, оттаму доаѓа до потребата да ги исполнува и маргините на платното или на хартијата. Често употребува т.н. „prédelle", односно, поредица од разни сижети.

Неговите визии, ликови, фигури, знаци, објекти, како да излегуваат потамина од некаков ателјејски тунел, од долги кулуари на чудесни галерии, се змијават, се туркаат, се растураат, некои носат ознаки, белези, напорки, лузни, трагите на една значајна работа, останките на едно големо доживување. Според него, една дамка или една линија може да стане монструозна, зината уста, а еден јазик добива облик на калиграфски фрагмент. Но сè е тука затоа што е неопходно.

**Паскал Гилевски**